Дирекција за финансиска стабилност и банкарска регулатива
Бр. 16 - 23932/1

Скопје, 16.7.2018 година

**До**
**сите банки**
**- на внимание на Управниот одбор**

Предмет: Барање за доставување податоци

Почитувани,

За потребите на редовните анализи на банкарскиот систем, ве молиме да ни ги доставите следниве податоци:

1. Податоци за капиталот и акционерската структура, и тоа:

    - структура на акционерскиот капитал според видот на акционерот и според видот на акциите (обични и приоритетни акции) со состојба на 30.6.2018 година (образец бр. 1(1));
    - структура на акционерскиот капитал според земјата на потекло на акционерите со состојба на 30.6.2018 година (образец бр. 1(2));

2. Структура на кредитната изложеност кон физички лица според одделни кредитни производи и според висината на месечните примања, со состојба на 30.6.2018 година (образец бр. 2);

3. Преглед на изворите на финансирање на банката од матичните субјекти, вклучително и поврзаните лица со нив, со состојба на 30.6.2018 година (образец бр. 3);

4. Број на примени, прифатени и одбиени кредитни барања во првата половина од 2018 година, за одделните кредитни производи од физичките лица и вкупно од нефинансиските друштва, за секој месец одделно? (образец бр. 4);

5. Податоци за износот на отпишаните побарувања и наплатените отпишани побарувања од физички лица, нефинансиски правни лица и останати нефинансиски лица, во вториот квартал од 2018 година, при што посебно се прикажуваат отпишаните побарувања врз основа на Законот за еднократно отпишување на долговите на граѓаните („Службен весник на Република Македонија", бр. 112/2014) (образец бр. 5);

6. Фреквенција на промена на каматните стапки на депозитите на физички лица во вториот квартал од 2018 година (образец бр. 6).

Ве молиме да ги доставите овие податоци до Дирекцијата за финансиска стабилност и банкарска регулатива по електронски пат на GeorgievskiM@nbrm.mk, најдоцна до 16.8.2018 година.

Обрасците доставени во прилог на овој допис можете да ги преземете од интернет-страницата на Народната банка на Република Македонија, во делот Супервизија/Извештаи, показатели, презентации и обрасци/Обрасци/Обрасци за банки.

За евентуални прашања при подготвувањето на бараните податоци, обратете се до Михајло Васков (тел.: 3108 129) и Елена Мучева Михајловска (тел.: 3108 128).

Со почит,

Директор
Наташа Андреева